# ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ОРГАНСКИ ОТПАД



**Општата цел на проектот** е стекнување на практични знаења за одржливо управување со органски отпад од страна на ученици од училиштата во Општина Карпош, Кисела Вода и Ѓорче Петров, како и од страна на пошироката јавност од Скопскиот плански регион, со цел постигнување на *циркуларна економија* и остварување на придобивки за одржлив развој.

*Циркуларна економија* е една од 5-те главни столбови на коишто почива ЕУ Зелената агенда за Западен Балкан. Циркуларната економија е значаен концепт, бидејќи се стреми ресурсите да се одржуваат во економијата што е можно подолго, минимизирајќи го создавањето на отпад, со што се намалуваат притисоците врз животната средина и климата.

Предизвиците од климатските промени со коишто се соочува општеството, ја наметнуваат потребата за исполнување на барањата од Законот за управување со отпад, којштo јасно пропишува, дека не се дозволува отстранување на органски отпад на депонија, односно, општините треба да најдат начин, а граѓаните да одговорат кон обврската да селектираат и собираат органски отпад за повторна употреба.

Токму затоа, **овој проект** ќе поттикне активно вклучување на граѓани во активности за одржливо управување со отпад, како клучен аспект за остварувањето одржлив развој преку концептот на циркуларна економија.

Вкупен износ на проектот: **5.500.000,00 ден** обезбедени преку **Цивика мобилитас** и **Владата на Швајцарија.**



**Очекувани резултати:** (1) Стекнати знаења и зголемена свесност за циркуларна економија и правилното постапување со отпадот во заедницата, преку реализација на **20 едукативни работилници** во Биотехнолошка лабораторија и **20 настани на отворено** за демонстрирање на експерименти кои користат био-отпад како суровина, **обучени 500 ученици**, околу **100.000 граѓани** запознаени со придобивките и влијанијата при постапување со био-отпадот преку **дигитална кампања**, (2) Граѓаните селектираат и сортираат фракции на органски отпад, ги подготвуваат и чуваат до повторно користење, односно **1000 домаќинства** (или **2500 граѓани**) сортираат и собираат органски фракции за повторна употреба, (3) Развиени **10 зелени бизнис идеи** за поттикнување на локални одржливи бизниси иницијативи за креирање на производи во секундарни процеси, што промовираат циркуларна економија преку одржливи практики и (4) Развиени **3 концептуални решенија** за интегрирано управување со био-отпадот во општините корисници.

јули 2024 – октомври 2026

Проектот се спроведува од **Центар за ресурси во животна средина (РЕЦ) – *Северна Македонија*** во улога на Носител, заедно со Партнер организациите **ЕкоЛоџик** и **Флорозон.**

„Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас“

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Содржината на овој леток е единствена одговорност на Центарот за ресурси во животна средина (РЕЦ) и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат.